**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Завршна сметка на Буџетот на Општина Илинден за 2007 година со Арх. Број 07-570/2 од 13. 03. 2008 година.**

**Се прогласува Завршната сметка на Буџетот на Општина Илинден за 2007 година со Арх. Број 07-570/2 од 13. 03. 2008 година што Советот на Општина Илинден ја усвои на седницата одржана на ден 13. 03. 2008 година.**

**Архив. Број 08-641/1**
**Од 14.03.2008 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р.**

*Предлагач: Градоначалник на ОПШТИНА ИЛИНДЕН*

*Дипл.маш.инж. Жика Стојановски*

*Изготвувач: Одделение за ЛЕР, финансирање и јавни дејности*
*Преставник: Дипл.економист Сашо Саздовски*

# З А В Р Ш Н А С М Е Т К А

## НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН ЗА 2007 ГОДИНА

29, февруари 2008 година

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М."бр.5/2002) и член 20 од Статутот на Општина Илинден ("Службен гласник на Општина Илинден бр.2/2005), Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 13.03. 2008 година, донесе

**З А В Р Ш Н А С М Е Т К А**
**НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**ЗА 2007 ГОДИНА**

**Член 1**

Завршната сметка на Буџетот на општина за 2007 година се состои од:

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **-Вкупно приходи** | **98.000.000,00 денари** | **88.577.712,00 денари** |

| | | |
|---|---|---|
| Даночни приходи | 51.735.000,00 денари | 43.249.866,00 денари |
| Неданочни приходи | 2.820.000,00 денари | 2.826.192,00 денари |
| Капитални приходи | 84.000,00 денари | 1.250.000,00 денари |
| Трансфери | 13.659.325,00 денари | 13.144.732,00 денари |
| Дотации | 19.808.550,00 денари | 19.174.728,00 денари |
| Приходи од самофинансирачки активности | 1.867.000,00 денари | 1.883.479,00 денари |
| Донации | 3.432.500,00 денари | 2.455.000,00 денари |
| Пренесено салдо од 2006 година | 4.593.625,00 денари | 4.593.715,00 денари |

**-Вкупно расходи 98.000.000,00 денари 82.307.538,00 денари**

| | | |
|---|---|---|
| Утврдени намени | 97.400.000,00 денари | 600.000,00 денари |
| Резерви | 600.000,00 денари | 316.101,00 денари |

**-Салдо на 31-12-2007 6.270.174 ,00 денари**

**Член 2**

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на основниот буџет во износ од 3.532.491,00 денари се пренесува како вишок на приходи од претходната година на основниот буџет на Општина Илинден за 2008 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на наменски дотации во износ од 2.034.338,00 денари се пренесува како вишок на приходи од претходната година на буџетот на наменски дотации на Општина Илинден за 2008 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на самофинансирачки активности во износ од 376.514,00 денари се пренесува како вишок на приходи од претходната година на буџетот на самофинансирачки активности на Општина Илинден за 2008 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на донации во износ од 326.831,00 денари се пренесува како вишок на приходи од претходната година на буџетот на донации на Општина Илинден за 2008 година.

**Член 3**

Планираните и остварените приходи по извори и видови, односно планираните и извршените расходи по основни намени се искажани во билансите на приходи и расходи на Завршната сметка на Буџетот на Општина Илинден за 2007 година и во Посебниот дел по програми и основни намени по економска класификација и тоа:

**Член 4**

Во Посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Илинден за 2007 година се прикажуваат расходите по програми, подпрограми, по сметки и ставки.

**Член 5**

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Илинден за 2007 година се објавува во Службениот гласник на Општина Илинден.

**Арх.Бр.07-570/2**
**Од 13.03. 2007 год.**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**Стевче Аврамовски с.р.**

**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Годишен Извештај за работењето на Општина Илинден во 2007 година со Арх. Број 07-570/3 од 13. 03. 2008 година.**

**Се прогласува Годишниот Извештај за работењето на Општина Илинден во 2007 година со Арх. Број 07-570/3 од 13. 03. 2008 година што Советот на Општина Илинден го усвои на седницата одржана на ден 13. 03. 2008 година.**

**Архив. Број 08-641/2**
**Од 14.03.2008 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р.**

**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Одлука за давање согласност на Годишна Сметка на Ј.К.П. Илинден за 2007 година со Арх. Број 07-570/4 од 13. 03. 2008 година.**

**Се прогласува Одлуката за давање согласност на Годишна Сметка на Ј.К.П. Илинден за 2007 година со Арх. Број 07-570/4 од 13. 03. 2008 година што Советот на Општина Илинден ја усвои на седницата одржана на ден 13. 03. 2008 година.**

**Архив. Број 08-641/3**
**Од 14.03.2008 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р.**

Врз основа на член 11 точка 7 од Законот за Јавни претпријатија (Сл. Весник на Р.М. бр. 38/96, бр.6/02 и 40/03) и чл.20 точка 29 од Статутот на Општина Илинден (Сл. Гласник на Општина Илинден бр.02/05) Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 13.03. 2008 год. ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Годишна сметка**
**на Ј.К.П. Илинден за 2007 година**

**Член 1**

Се дава согласност на Годишната сметка на Ј.К.П. „Илинден“ за 2007 година Арх. Бр. 01-70/1 од 15.02.2008 год. усвоена од Управниот Одбор на Ј.К.П. „Илинден“ на седницата одржана на ден 18.02.2008 година.

**Член 2**

Годишната сметка на ЈКП „Илинден“ за 2007 година е составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Илинден.

**Арх.Бр.07-570/4**
**Од 13.03. 2007 год.**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**Стевче Аврамовски с.р.**

**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Одлука за давање согласност на Извештајот за работата и резултатите од работењето на Ј.К.П. Илинден за 2007 година со Арх. Број 07-570/5 од 13. 03. 2008 година.**

**Се прогласува Одлуката за давање согласност на Извештајот за работата и резултатите од работењето на Ј.К.П. Илинден за 2007 година со Арх. Број 07-570/5 од 13. 03. 2008 година што Советот на Општина Илинден ја усвои на седницата одржана на ден 13. 03. 2008 година.**

**Архив. Број 08-641/4**
**Од 14.03.2008 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р.**

Врз основа на член 11 точка 7 од Законот за Јавни претпријатија (Сл.Весник на РМ бр.38/96) и член 20 точка 31 од Статутот на Општина Илинден (Сл.Гласник на Општина Илинден бр.2/05) Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 13.03.2008 год. ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Извештајот**
**за работата и резултатите од работењето**
**на Ј.К.П. „Илинден“ за 2007 година**

**Член 1**

Се дава согласност на Извештајот за работата и резултатите од работењето на Ј.К.П. „Илинден“ за 2007 година Арх. Бр. 01-69/1 од 15.02. 2008 година што Управниот Одбор на Ј.К.П. „Илинден“ го усвои на седницата одржана на ден 18.02.2008 год.

**Член 2**

Извештајот за работа и резултатите од работењето на Ј.К.П. „Илинден“ за 2007 година е составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Илинден .

**Арх.Бр.07-570/5**
**Од 13.03. 2007 год.**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**Стевче Аврамовски с.р.**

**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Одлука за утврдување на надоместокот за уредување на градежно земјиште на подрачјето утврдено со урбанистички план вон населено место Илинден за производство, сервиси, комерцијални и деловни намени – локалитет Карагач 2007-2017-64,78ха општина Илинден со Арх. Број 07-570/6 од 13. 03. 2008 година.**

**Се прогласува Одлуката за утврдување на надоместокот за уредување на градежно земјиште на подрачјето утврдено со урбанистички план вон населено место Илинден за производство, сервиси, комерцијални и деловни намени – локалитет Карагач 2007-2017-64,78ха општина Илинден со Арх. Број 07-570/6 од 13. 03. 2008 година.што Советот на Општина Илинден ја усвои на седницата одржана на ден 13. 03. 2008 година.**

**Архив. Број 08-641/5**
**Од 14.03.2008 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002), член 45 од Законот за градежно земјиште (Сл. весник на РМ бр. 53/2001) и член 20 од Статутот на Општина Илинден (Сл. гласник на Општина Илинден бр. 02/2005) Советот на Општина Илинден на седницата одржана на 13.03. 2008 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**За утврдување на висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште на подрачјето утврдено со Урбанистички план вон населено место Илинден за производство, сервиси, комерцијални и деловни намени - локалитет Карагач - 2007 - 2017 - 64,78 ха - Општина Илинден**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште на подрачјето утврдено со Урбанистички план вон населено место Илинден за производство, сервиси, комерцијални и деловни намени „локалитет Карагач" 2007 - 2017 - 64,78 ха - Општина Илинден.

**Член 2**

Висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште утврдено со Урбанистички план вон населено место Илинден за производство, сервиси, комерцијални и деловни намени - локалитет Карагач - 2007 - 2017 - 64,78 ха - Општина Илинден, усвоен од страна на Советот на Општина Илинден со Одлука бр. 07-433/2 од 22.02.2008 година изнесува 20 евра.

**Член 3**

За спроведување на оваа Одлука е задолжен Градоначалникот на Општина Илинден.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзино објавување во Службен Гласник на Општина Илинден.

**Арх.бр. 07-570/6**
**Од 13.03.2008г.**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**Стевче Аврамовски с.р.**

**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Одлука за поставување на банкомат со Арх. Број 07-570/7 од 13. 03. 2008 година.**

**Се прогласува Одлуката за п оставување на банкомат со Арх. Број 07-570/7 од 13. 03. 2008 година што Советот на Општина Илинден ја усвои на седницата одржана на ден 13. 03. 2008 година.**

**Архив. Број 08-641/6**
**Од 14.03.2008 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/02) и врз основа на член 20 од Статутот на Општина Илинден (Сл. Гласник на Општина Илинден бр. 02/05).

**О Д Л У К А**
**за поставување на банкомат**

**Член 1**

Се дозволува поставување на банкомат во зградата на општина Илинден, со седиште на ул.9 бб нас. Илинден.

**Член 2**

За одржување и безбедноста на банкоматот се грижи банката која ќе го постави.

**Член 3**

Банката нема обврска да плаќа надоместок за поставениот банкомат во општинската зграда.

**Член 4**

Условите и начинот на поставување на банкоматот ќе бидат уредени со посебен договор.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службениот гласник на Општина Илинден.

**Арх.бр. 07-570/7**
**Од 13.03.2008год.**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**Стевче Аврамовски с.р.**

# *С О Д Р Ж И Н А*

1. Решение за прогласување на Завршна сметка
на Буџетот на Општина Илинден за 2007 година
со Арх. Број 07-570/2 од 13. 03. 2008 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .. . . . . стр. 1

2. Завршна сметка на Буџетот на Општина Илинден за 2007 година
со Арх. Број 07-570/2 од 13. 03. 2008 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.1

3. Решение за прогласување на Годишен Извештај
за работењето на Општина Илинден во 2007 година
со Арх. Број 07-570/3 од 13. 03. 2008 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.16

4. Годишен Извештај за работењето на Општина Илинден во 2007 година
со Арх. Број 07-570/3 од 13. 03. 2008 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.17

5. Решение за прогласување на Одлука за давање согласност
на Годишна Сметка на Ј.К.П. Илинден за 2007 година со
Арх. Број 07-570/4 од 13. 03. 2008 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.30

6. Одлука за давање согласност на Годишна Сметка на Ј.К.П. Илинден
за 2007 година со Арх. Број 07-570/4 од 13. 03. 2008 година. . . . . . . . . . . . . . . . стр.30

7. Решение за прогласување на Одлука за давање согласност на Извештајот
за работата и резултатите од работењето на Ј.К.П. Илинден за 2007 година
со Арх. Број 07-570/5 од 13. 03. 2008 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.31

8. Одлука за давање согласност на Извештајот за работата и резултатите од
работењето на Ј.К.П. Илинден за 2007 година со Арх. Број 07-570/5 од 13. 03. 2008
година. . . . . . . . . .. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр. 31

9. Решение за прогласување на Одлука за утврдување на надоместокот за уредување
на градежно земјиште на подрачјето утврдено со урбанистички план вон населено
место Илинден за производство, сервиси, комерцијални и деловни намени
локалитет Карагач 2007-2017-64,78ха општина Илинден со Арх. Број 07-570/6 од
13. 03. 2008 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр 32

10. Одлука за утврдување на надоместокот за уредување на градежно земјиште
на подрачјето утврдено со урбанистички план вон населено место Илинден
за производство, сервиси, комерцијални и деловни намени
– локалитет Карагач 2007-2017-64,78ха општина Илинден
со Арх. Број 07-570/6 од 13. 03. 2008 година. . . . . . . . . . .. . .. . . . . . . . . . . .стр.32

11. Решение за прогласување на Одлука за поставување на банкомат
со Арх. Број 07-570/7 од 13. 03. 2008 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.33

12. Одлука за поставување на банкомат со
Арх. Број 07-570/7 од 13. 03. 2008 година.. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.33